УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ „СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ“ ВО ОХРИД

Факултет за комуникациски мрежи и безбедност

Е Л А Б О Р А Т

ЗА ПОВТОРНА АКРЕДИТАЦИЈА НА СТУДИСКА ПРОГРАМА

Комуникациски мрежи и безбедност
Прв циклус на студии
Четиригодишни студии

ИНСТИТУЦИЈА ПРЕДЛАГАЧ:

УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ „СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ“ ВО ОХРИД
Факултет за комуникациски мрежи и безбедност

Охрид, 2023 ГОДИНА

СОДРЖИНА

СОДРЖИНА 2
1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО 4
Назив на високообразовна установа 4
2.1 ОСНОВАЊЕ НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА- ЗА УНИВЕРЗИТЕТОТ 4
2.2 ОСНОВАЊЕ НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА – ЗА ЕДИНИЦАТА БАРАТЕЛ НА АКРЕДИТАЦИЈА 4
3. СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА 5
4. ДЕЈНОСТ НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА СПОРЕД ФРАСКАТИЕВА КЛАСИФИКАЦИЈА 5
5. ОРГАН НА ЗАСТАПУВАЊЕ НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА 5
Правна рамка: 6
1. Карта на високообразовната установа 7
2. Основни податоци за студиската програма за која се бара (ре)акредитација 13
1. Цел и оправданост за воведување на студиската програма 16
2. Усогласеност на студиската програма со потребите на општеството за дадениот профил на кадри ..16
3а. Општи дескриптори на квалификации за прв циклус на четиригодишни студии со 240 ЕКТС, студиска програма Комуникациски мрежи и безбедност, на Факултет за комуникациски мрежи и безбедност, Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид, согласно со уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации 17
3б. Специфични дескриптори на квалификации за прв циклус на четиригодишни студии со 240 ЕКТС, Комуникациски мрежи и безбедност, на Факултет за комуникациски мрежи и безбедност, Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид, согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации 18
4. Утврден сооднос помеѓу задолжителните и изборните предмети, со листа на задолжителни предмети, листа на изборни факултетски и универзитетски предмети и дефиниран начин на избор на предметите. 22
СТРУКТУРА НА СТУДИСКА ПРОГРАМА 22
5. Список на наставен кадар со податоци наведени во членот 5 (Прилог бр.4) од Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии (“Службен весник на Република Македонија”, бр.25/2011 и бр.154/2011) и член 61 став 3 од Закон за високо образование ((“Службен весник на Република Македонија”, бр.82/2018) 26
6. Податоци за просторот предвиден за реализација на студиската програма Комуникациски мрежи и безбедност, организирана на Факултетот за Комуникациски мрежи и безбедност 33
7. Листа на опрема предвидена за реализација на студиската програма Комуникациски мрежи и безбедност, Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност 34
8. Информација за бројот студенти (прв пат запишани) на студиската програма во периодот од последната акредитација 36
9. Информација за обезбедена задолжителна и дополнителна литература 37
10. Информација за веб страница 37
11. Активности и механизми преку кои се развива и се одржува квалитетот на наставата 38
12. Резултати од изведената самоевалуација согласно Упатството за единствените основи на евалуацијата и евалуационите постапки на универзитетите донесено од агенција за евалуација на

високото образование во Република Македонија и од Интеруниверзитетска конференција на Република Македонија (Скопје -Битола, септември 2002). 40

13. Дали формалното образование и истражувачкото искуство на наставниците кореспондира со специфичноста на студиската програма, односно профилот и квалификацијата на наставно-научниот кадар 40

14. Соодветноста на структурата и содржината на циклусот на студии со општите и специфичните дескриптори 41

15. Усогласеноста на теоретската и практичната настава со целите на студиската програма 49

16. Усогласеност на студиската програма со единствениот европски простор за високо образование и споредливост со програмите на европски високообразовни институции 49

ДОКУМЕНТИ 51

1. Одлука за усвојување на студиската програма од Наставно-научниот совет на факултетот, наставничкиот совет на високата стручна школа или научниот совет на научниот институт член 110 и член 145 од Законот за високо образование (Службен весник на РМ, бр.82/2018) 51
2. Одлука за утврдување позитивно мислење за студиската програма од Ректорска управа 53
3. Одлука за усвојување на студиската програма од Универзитетскиот сенат, односно Советот на научната установа; член 94 и член 145 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ, бр.82/2018) 54
4. Мислење од Одборот за соработка и доверба со јавноста 55
5. Изјава од наставникот за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма 56
6. Согласност на Наставно-научниот совет, односно Научниот советот или Наставничкиот совет за учество на наставникот во реализација на студиската програма на друга единица на Универзитетот (член 179 од Законот за високо образование, Службен весник на Република Македонија, бр.82/2018 75

ПРИЛОГ БР. 3 83

1. Предметни програми со информации согласно со членот 4 од Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од вториот циклус на студии (“Службен весник на Република Македонија”, бр.25/2011 и бр.154/2011) 83

Mobile app Development with Ionic 2 258

ПРИЛОГ БР. 4 301

1. Прилог бр.4. Податоци за наставниците кои изведуваат настава на студиската програма од прв, втор и трет циклус на студии и за ментори на докторски трудови 301

Прилог бр. 5 388

ДОДАТОК НА ДИПЛОМА 388

Прилог бр. 6 396

Статут на високообразовната установа – линк до веб страната 396
Извештај од последна самоевалуација – линк до веб страната 396

Прилог бр. 7 397

Акт за основање 397

Прилог бр. 8 400

8.1 Договор за закуп 400

Прилог бр. 9 402

9.1 Дозвола за работа 402
9.2 Решение за упис во Централен регистар 403
9.3 Решение за акредитација за студиската програма 407

	Прва акредитација
x	Реакредитација

1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

Назив на високообразовна установа

Универзитет за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид;

Адреса, седиште

ул. Партизанска б.б. 6000 Охрид

ЕМС	Матичен број
	6500528
Телефон	**Факс**
046/511/000	
Електронска пошта	**Веб страница на установата**
contact@uist.edu.mk	www.uist.edu.mk

2.1 ОСНОВАЊЕ НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА- ЗА УНИВЕРЗИТЕТОТ

Назив на основачот	Собрание на Република Македонија
Назив на актот за основање	Закон за основање на Универзитет за информатички науки и технологии "Свети Апостол Павле”
Број и датум на актот за основање	„Службен весник“ бр. 81/2008 од 07.07.2008;
Промени во оснивачки права (назив на првиот основач и правните следбеници на оснивачот)	/
Број и датум на Решението за исполнетоста на условите за почеток со работа и дејноста издадено од Министерството за образование и наука на РСМ	12-5021/4 од 05.10.2010 година
Број и датум Решението за акредитација на високообразовната установа издадено од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на РСМ.	
Број и датум на Решение за упис на високобразовната установа во Централниот регистар	07-27/1 од 03.08.2009 година

2.2 ОСНОВАЊЕ НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА – ЗА ЕДИНИЦАТА БАРАТЕЛ НА АКРЕДИТАЦИЈА

Назив на основачот	Собрание на Република Северна Македонија
Назив на актот за основање	Закон за основање на Универзитет за информатички науки и технологии "Свети Апостол Павле”
Број и датум на актот за основање	„Службен весник“ бр. 81/2008; 48/2009; 6/2010; 70/2013.
Промени во оснивачки права (назив на првиот основач и правните следбеници на оснивачот)	/

Број и датум на Решението за исполнетоста на условите за почеток со работа и дејноста издадено од Министерството за образование и наука на РСМ	12-5021/4 од 05.10.2010 година
Број и датум Решението за акредитација на високообразовната установа издадено од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на РСМ.	/
Број и датум на Решение за упис на високобразовната установа во Централниот регистар	07-27/1 од 03.08.2009 година

3. СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА

X	Државна		Приватна		Мешовита

4. ДЕЈНОСТ НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА СПОРЕД ФРАСКАТИЕВА КЛАСИФИКАЦИЈА

а) Научно подрачје – прво ниво	1. Природно-математички науки 2. Техничко-технолошки науки 5. Општествени науки 6. Хуманистички науки
б) Научна поле - второ ниво	110 Информатика 212 Компјутерска техника и информатика 224 Телекомуникационо инженерство 503 Економски науки 506 Организациони науки и управување (менаџмент) 507 Политички науки 508 Правни науки 607 Ликовна уметност 612 Наука за книжевноста
в) Научна област	11000-11010, 21200-21208, 22403, 22405, 50302, 50329, 50705, 50706, 50710, 50321, 50325, 50835, 60700, 60701, 61207

5. ОРГАН НА ЗАСТАПУВАЊЕ НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА

Име и презиме, функција (Ректор, Декан, Директор)

Проф.д-р Иван Бимбиловски- Ректор

Датум и акт на именување

15.04.2021 Одлука за избран кандидат за Ректор арх.бр.02-267/28 од 15.04.2021 година

Контакт телефон	Е-маил
076/339/393	ivan.bimbilovski@uist.edu.mk

Лице за контакт

Име и презиме	телефон	Е-маил
Проф. д-р Атанас Христов	075/229/463	atanas.hristov@uist.edu.mk
Проф. д-р Устијана Речкоска Шикоска	072/205/133	ustijana.r.shikoska@uist.edu.mk

Овластено лице

Датум: _____ М.П _____

Правна рамка:

	Правна основа за подготвување на Елаборатот
1	Закон за високото образование (Службен весник на Република Македонија, бр.82/2018);
2	Уредба за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност (Службен весник на Република Македонија, бр. 103/10); Класификација на научните подрачја, полиња и области според Мегународната фраскатиева класификација;
3	Правилник за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование (Службен весник на Република Македонија, бр. 151/12);
4	Правилник за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии (Службен весник на Република Македонија, бр.25/11);
5	Упатство за критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовите установи и на академскиот кадар во Република Македонија (Службен весник на Република Македонија, бр. 67/13);
6	Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации („Службен весник на РМ “ бр.154/2010),
7	Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи („Службен весник на РМ “ бр.84/09)
8	Закон за воената академија („Службен весник на РМ” бр.83/2009)
9	Правилник за поблиските критериуми и надлежноста на одборите за соработка и доверба со јавноста („Службен весник на РМ “ бр.148/13)
10	Правилник за начинот и условите за организирање на практичната настава за студентите („Службен весник на Република Македонија“ бр.71/09 и 120/10)
11	Правилник за условите кои треба да ги исполнува истакнатиот стручњак од практиката од соодветната област за изведување на клиничка настава („Сл. РМ “ бр.71/09 и 120/10)
12	Закон за медицинските студии и континуираното стручно усовршување на докторите на медицина („Службен весник на РМ “ бр.16/13)
13	Закон за признавање на професионалните квалификации („Сл. РМ“ бр.171/10)
14	Правилник за начинот и постапката за водење на базата на податоци за високообразовната дејност („Службен весник на РМ “ бр.65/13)
15	Закон за научно-истражувачката дејност („Сл. РМ “ бр.46/08, 103/08, 24/11 и 80/12)
16	Закон за високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование („Службен весник на РМ“ бр.10/15)
17	Статут на вискообразовната установа
18	Решението за акредитација на високообразовната установа издадено од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на РМ.
19	

1. Карта на високообразовната установа

Назив на високообразовната установа	**Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид** Факултет за информатички и комуникациски науки - Охрид
Седиште	*ул. Партизанска б.б. 6000 Охрид, Северна Македонија*
WEB страница	www.uist.edu.mk
Вид на високообразовната установа (јавна, приватна, приватно-јавна)	Универзитет – Државна јавна високообразовна установа, ЕМБС: 6500528, шифра на дејност 85.42. Високо образование
Податоци за последната акредитација	*2018 год. за прв и втор циклус на студии и 2019 год. за прв циклус*
Студиски и научно-истражувачки подрачја за кои е добиена акредитација	**1. Факултетот за информатички и комуникациски науки** - Прв циклус (додипломски) четиригодишни студии, Информациски и комуникациски системи во бизнис и менаџмент; реш. за акредитација бр. 1409-200/6 од 25.06.2018 година; Научно подрачје: Техничко-технолошки науки – 2, Природно-математички науки - 1, Општествени науки - 5, научно поле: 110, 212, 503; научна област: 11002, 21202, 21206, 21208, 50302, 50329. - Втор циклус (магистерски) двегодишни студии, Информациски и комуникациски системи во бизнис и менаџмент; реш. за акредитација бр. 1409-200/6 од 25.06.2018 година; Научно подрачје: Техничко-технолошки науки - 2, Природно-математички науки - 1, Општествени науки - 5, научно поле: 110, 212, 503; научна област: 11002, 21202, 21206, 21208, 50302, 50329 . **2. Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност** - Прв циклус (додипломски) тригодишни универзитетски студии, Комуникациски мрежи и безбедност, реш. за акредитација бр. 1409-201/4 од 25.12.2018 година; Научно подрачје: Техничко-технолошки науки - 2; научно поле: 212 - Компјутерска техника иинформатика; научна област: 21202 - Информациони системи и мрежи. - Прв циклус на (додипломски) четиригодишни универзитетски студии, Комуникациски мрежи и безбедност, реш. за акредитација бр. 1409-201/5 од 25.12.2018 година; Научно подрачје: Техничко-технолошки науки - 2; научно поле: 212 - Компјутерска техника иинформатика; научна област: 21202 - Информациони системи и мрежи. - Втор циклус (магистерски) едногодишни студии: Информатички науки и технологии, реш. за акредитација бр. 1409-198/5 од 25.06.2018 година; Научно подрачје: Природно математички науки - 1, Техничко-технолошки науки – 2; научно поле: 110, 212; научна област: 11000 – 11010, 21200 – 21207. - Втор циклус (магистерски) двегодишни студии: Информатички науки и технологии

	реш. за акредитација бр. 1409-198/4 од 25.06.2018 година; Научно подрачје: Природно математички науки - 1, Техничко-технолошки науки – 2; научно поле: 110 - Информатика, 212 – Компјутерска техника и информатика; научна област: 11000 – 11010, 21200 – 21207. **3.Факултет за информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника** - Прв циклус (додипломски) тригодишни универзитетски студии Информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника реш. за акредитација бр. 1409-202/4 од 25.06.2018 година; Научно подрачје: Техничко-технолошки науки - 2; научно поле: 212; научна област: 21201, 21202, 21208. - Прв циклус (додипломски) четиригодишни студии Информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника, реш. за акредитација бр. 1409-202/5 од 25.06.2018 година; Научно подрачје: Техничко-технолошки науки - 2; научно поле: 212; научна област: 21201, 21202, 21208. **4.Факултет за компјутерски науки и инженерство** - Прв циклус (додипломски) тригодишни универзитетски студии Компјутерски науки и инженерство реш. за акредитација бр. 1409-197/4 од 25.12.2018 година; Научно подрачје: Техничко-технолошки науки - 2; научно поле: 212; научна област: 21201. - Прв циклус (додипломски) четиригодишни студии Компјутерски науки и инженерство реш. за акредитација бр. 1409-197/5 од 25.12.2018 година; Научно подрачје: Техничко-технолошки науки - 2; научно поле: 212; научна област: 21201. **5.Факултет за применети информатички технологии, машинска интелигенција и роботика** - Прв циклус (додипломски) тригодишни универзитетски студии Применети информатички технологии, машинска интелигенција и роботика реш. за акредитација бр. 1409-199/3 од 25.06.2018 година; Научно подрачје: Техничко-технолошки науки - 2; научно поле: 212; научна област: 21205. - Прв циклус (додипломски) четиригодишни студии Применети информатички технологии, машинска интелигенција и роботика реш. за акредитација бр. 1409-199/4 од 25.06.2018 година; Научно подрачје: Техничко-технолошки науки - 2; научно поле: 212; научна област: 21205. - Прв циклус (додипломски) тригодишни универзитетски студии Применети информатичко – комуникациски технологии (е-влада, е-бизнис, е-култура) реш. за акредитација бр. 1409-309/5 од 27.06.2019 година; Научно подрачје: Техничко-технолошки науки – 2, Општествени науки - 5; научно поле: 212, 503, 507, 508; научна област: 21208, 50321, 50325, 50705, 50706, 50710, 50835. - Втор циклус (магистерски) двегодишни студии: Информатичка и мрежна безбедност, приватност и заштита на податоци

	реш. за акредитација бр. 1409-105/2 од 10.05.2018 година.; Научно подрачје: Техничко-технолошки науки – 2; научно поле: 212; 21202, 21206, друго.
Податоци за меѓународна соработка на планот на наставата, истражувањето и мобилноста на студентите	*Универзитетот за информатички науки и технологии е член на Еразмус европската програма за мобилност. Можностите за мобилности за студенти кои ги овозможува Еразмус програмата за доживотно учење се спроведуваат согласно со конкурсите за Еразмус мобилности, објавени на почетокот на секоја академската година. Тоа што е карактеристично за извештајниот период е што Универзитетот функционира во нестандардни услови предизвикани од појавата на пандемијата на новиот корона вирус COVID 19. Забележано е слаба искористеност на можностите за мобилност кои ги нуди програмата како последница на пандемијата и отежнатите процедури за патување. Континуирано се работи на проширување на мрежата за реализација на мобилности. Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ - Охрид остварува национална и меѓународна соработка врз основа на потпишани договори за соработка со домашни и странски универзитети и научни институти. Поголемиот дел од Универзитетите со кои има склучено меморандуми за соработка се и Еразмус партнери на УИНТ. Конкретно УИНТ има потпишано меморандуми за соработка со следните универзитети и институти:* ● *Oakland University, United States of America* ● *University of Arizona, United States of America* ● *ADA University, Azerbeijan* ● *University of Biskra, Algeria* ● *FH University of Applied Sciences, Austria* ● *University of Shkodra, Albania* ● *The University "Fan S. Noli" Korçë, Albania* ● *Gavar State University, Armenia* ● *University of Campinas, Brazil* ● *University of Pelotas, Brazil* ● *University of South End of Santa Catarina, Brazil* ● *Varna Free University "Chernorizets Hrabar", Bulgaria* ● *Angel Kanchev University of Ruse, Bulgaria* ● *Technical University of Varna, Bulgaria* ● *Pavel Sukhoi State Technical University of Gomel, Belarus* ● *Lanzhou Jiaotong University, China* ● *Gansu Agricultural University, China* ● *City University of Hong Kong, China* ● *Wuxi City College of Vocational Technology, China* ● *University in Prague, Faculty of Information Technology, Checz Republic* ● *University of Ostrava, Checz Republic* ● *University of Information Science, Cuba* ● *University of Rijeka, Croatia* ● *University of Zagreb, Croatia* ● *University of Applied Sciences Velika Gorica, Croatia* ● *College of Applied Sciences, Polytechnic Pula, Croatia* ● *University of Cyprus, Cyprus* ● *St. Clements University Group, Cambodia* ● *University of Gondar, Ethiopia* ● *Tallinn University of Technology, Estonia* ● *University of Piraeus, Greece*

	• *Eastern Macedonia and Thrace Institute of Technology, Greece* • *Georgian Technical University,Georgia* • *Ivane Javakhishvili Tbilisi State University, Georgia* • *University of Pécs, Hungary* • *University of Padova, Department of Information Engineering, Italy* • *Salahaddin University-Hawler, Iraq* • *Nara Institute of Science and Technology, Japan* • *Soka University, Japan* • *Turan University, Kazakhstan* • *Osh State University, Kyrgyzstan* • *Vilnus University, Lithuania* • *Kansas University of Technology, Faculty of Informatics, Lithuania* • *William V. S. Tubman University, Liberia* • *Universidade Lúrio, Mozambique* • *Elizade University, Nigeria* • *Tarlac State University, Philippines* • *University of Information Technology and Management in Rzeszow, Poland* • *University of Porto, Portugal* • *Tyumen State University, Russia* • *North-Caucasus Federal University, Russia* • *Universitatea Tehnica din Cluj-Napoca, Romania* • *Universitatea de Vest din Timişoara, Romania* • *Universitatea Politehnica din Bucuresti, Romania* • *Universitatea „Alexandru Ioan Cuza” din Iaşi, Romania* • *Universitatea Politehnica din Timişoara, Romania* • *Babeş-Bolyai University, Romania* • *Universitatea Tehnică Gheorghe Asachi din Iaşi, Romania* • *Horia Hulubei National Institute for R&D in Physics and Nuclear Engineering (IFIN-HH), Romania* • *University of Rwanda, Rwanda* • *University of Extremadura, Spain* • *University of Maribor, Slovenia* • *University of Ljubljana, Faculty of Computer and Information Science, Slovenia* • *Faculty of Information Studies in Novo Mesto, Slovenia* • *Istanbul Universitsi, Turkey* • *Cumhuriyet Universitesi, Turkey* • *Kütahya Dumlupınar University, Turkey* • *Aksaray University, Turkey* • *Yasar University, Turkey* • *Atılım University, Turkey* • *Istinye University, Turkey* • *Makerere University, Uganda* • *University of Sciences and Technology, Yemen* • *Istanbul University, Turkey* • *The University of the Republic of San Marino* • *Federal State Budgetary Educational Institution of Higher Education “Moscow State University of Civil Engineering “* • *The Swiss Umef University, Geneva, Switzerland*

	• *Manipal University Jaipur, India* • *Azrieli College of Engineering in Jerusalem* • *Pan-European University Apeiron Banja Luka Bosnia and Herzegovina (2021)* • *Technical University of Varna, Bulgaria (2022)* • *Shanghai University of Medicine and Health Sciences (2022)* • *University of KwaZulu-Natal, South Africa (2022)* • *Maharishi Markandeshwar (Deemed to be University) [MM(DU)] Mullana- Ambala, India (2022)* • *UNIVERSIDADE DE SÃO CAETANO DO SUL – USCS (BRAZIL) (2022)* • *VIT BHOPAL UNIVERSITY MADHYA PRADESH, INDIA (2022)* • *ГрабИТ дооел, Прилеп (2022)* • *Great IT Nordic AB (hereinafter Great IT), Malmö, Sweden (2022)* • *iSource, Bitola, (2022)* • *Prime Point, Skopje (2022)*
Податоци за просторот наменет за изведување на наставната и истражувачката дејност	Амфитеатар, предавални, читална со библиотека, и простории кои се наоѓаат на ул. Партизанска бб, Охрид, во вкупна површина од 1.620,15 m^2; Предавални и простории кои се наѓаат во студентскиот дом „Никола Карев“ на ул. Партизанска бб, Охрид, во вкупна површина од 90 m^2 .
Податоци за опремата за изведување на наставната и истражувачката дејност	Во однос на техничките можности студиите се изведуваат со постојната опрема која служи и за истражувачки цели: персонални компјутери, преносни компјутери, десктоп компјутери, лед телевизори, мобилни телефони, рутери, интерактивна табла со проектор, проектори со висока луменажа, проектори, принтери, суперкомпјутер сервер, камера со висока резолуција, блурај читач, надворешни дискови, компјутер со монитор осетлив на допир, УПС, мрежен свич, монитори, микрофони, дигитален стреамер, сервер за безжична проекција, рутери, дигитална камера, десктоп мемориски склад на податоци, конзола за игри, сензор за движење, ИП камера, принтер, мрежен свич, мрежен диск, таблети, дигитални апарати, сервери, трипод сталка, мемориски картици, мини компјутери, безжичен појачувач на мрежа, аксес поинт за мрежа, ДВР за видео надзор, Коло за безжична мрежа за мини компјутер, инт. коло сетови, платно за проекција, инт. плочки, скенери, компјутер за обработка на високо математички задачи. Технолошките иновации вклучувајќи го и кластерот кој е дизајниран и ставен во употреба со помош на студентите од втор циклус од претходните академски години и им овозможуваат на студентите да се запознае со новите мрежно комуницирачки искуства и обработка на големи податоци на дистрибуираните системи.
Вкупен број на студенти за кои е добиена акредитација	Во издадените решенија за акредитација не е наведен број на студенти за кои е добиена акредитацијата
Број на студенти (прв пат запишани)	362
Планиран број на студенти кои ќе се запишат на студиската програма	50 студенти во првата година на студиската програма

Број на лица во наставно-научни, научни и наставни звања	*Академскиот кадар се состои од вкупно 19 лица во сите наставно-научни, научни, наставни звања, од кои 4 редовни професори, 6 вонредни, 8 доценти, и 1 виш лектор.*
Број на лица во соработнички звања	Еден асистент
Однос наставник: студенти (број на студенти на еден наставник)	- Факултетот за информатички и комуникациски науки 1:27 - Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност 1:33 - Факултет за информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника 1:20 - Факултет за компјутерски науки и инженерство 1:35 - Факултет за применети информатички технологии, машинска интелигенција и роботика 1:37
Внатрешни механизми за обезбедување и контрола на квалитетот на студиите	*Постоење на Универзиетска комисија за наука и настава, во која се разработени сите потребни механизми:* - *Развој на наставните содржини,* - *Реализација на наставниот процес,* - *Оценување на студентите,* - *Изработка на дипломски труд,* - *Оценка на квалитетот на наставата од страна на студентите со анкети на крајот од секој семестер за секој предмет,* - *Оценка на квалитетот на студиската програма од страна на студентите при доделување на дипломата и* *Други процедури кои се однесуваат на ресурсите и логистиката на наставниот процес.*
Фреквенција на самоевалуциониот процес (секоја година, на две години, на три години)	*Процесот на самоевалуација се одвива на крај од секој семестар на академската година, а извештајот за самоевалуација се прави на три години.* ***Извештајот за самоевалуација на УИНТ кој се однесува за академските 2019/2020, 2020/2021 и 2021/2022 години*** - https://uist.edu.mk/wp-content/uploads/2022/10/Извештај-за-самоевалуација-на-УИНТ-септември-2022-финален_Анекси_.pdf
Податоци за последната спроведена надворешна евалуација на установата	Евалуација на Универзитетот од страна на European University Association (EUA), проведена од Institutional Evaluation Programme (IEP), во тектот на 2017 година. Извештајот за спроведената институционална евалуација на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ - Охрид е објавен на веб страната (декември 2017 година) https://uist.edu.mk/wp-content/uploads/2022/01/uist-report_final.pdf
Други податоци кои Установата сака да ги наведе како аргумент за нејзината успешност	▪ *Интернационална конференција за применети компјутерски технологии (International Conference "Applied Computer Technologies") https://act.uist.edu.mk/* ▪ *Списание на Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ - Охрид (Journal of University of Information Science and Technology "St. Paul the Apostle" – Ohrid) https://journal.uist.edu.mk/* ▪ *Меѓународни проекти* - *2018-2020 „АтомскаМагла – интелегентно менаџирање на ресурсите во Магла“ со партнер универзитет во Инсбрук,*

	Австрија - Билатерален проект 2018-2020 Македонија – Австрија - *2019-2021 ARTICONF (smART socIal media eCOsytstem in a blockchaiN Federated environment), European Union's Horizon 2020 research and innovation programme* - *2018-2022 SumBio Sustainable management and treatment of Bio-wastes by using Bio fuels productions (SUMBIO-F1-S.O.2.2-SC 028), Programme - Interreg IPA-CBC Greece-The Former Yugoslav Republic of Macedonia 2014-2022* - *2019-2022 ICBA (Intelligent Cross-Border Accelerator for Innovative ICT-enabled start-ups), Programme - Interreg IPA-CBC Greece-The Former Yugoslav Republic of Macedonia 2014-2020* - *2019 - 2021 ERASMUS+ 2019-1-MK01-KA107-060023, Еразмус+ Клучна акција 1 Високо образование помеѓу програмски и партнерски држави, 2019* - *2018 - 2020 ERASMUS+ 2019 - 1-MK01-KA103-046848, Еразмус + Клучна акција 1 Високо образование помеѓу програмски држави, 2018* - *2019 - 2021 ERASMUS+ 2019 -1-MK01-KA103-060000, Еразмус + Клучна акција 1 Високо образование помеѓу програмски држави" 2019* - *2020 - 2022 Erasmus + 2020 -1-MK01-KA103-077547, ЕРАЗМУС + Клучна акција 1 Мобилност во високо образование помеѓу програмски држави, 2020* - *2022-2025 UIST – Prime Blue Accelerator, Финансиран од GIZ Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH, во рамки на програмата на EU for Economic Growth (EU4EG)* - *2022-2024 Erasmus KA 171 Staff Mobility 2022 (во постапка на евалуација)*

2. Основни податоци за студиската програма за која се бара (ре)акредитација

1	Назив на студиската програма	Комуникациски мрежи и безбедност
2	Единица на универзитетот	Факултет за комуникациски мрежи и безбедност
3	Научно подрачје (Фраскатиева класификација)	2 Техничко-технолошки науки
4	Научно поле и научна, стручна или уметничка област (Фраскатиева класификација)	*212 Компјутерска техника и информатика* *21202 Информациони системи и мрежи*
5	Вид на студии	Прв циклус на универзитетски, академски студии
6	Оптовареност на студискатапрограма изразена во ЕКТС кредити	240 ЕКТС кредити
7	Степен или ниво на квалификација што се стекнува со завршување на студиите според НРК	VI А
8	Академски или стручен назив со кој што студентот се стекнува по	Дипломиран инженер по информатички науки и технологии, насока Комуникациски мрежи и безбедност

	завршувањето на студиската програма	
9	Академски или стручен назив на англиски јазик што студентот го добива по завршувањето на студиската програма	Bachelor of Science in Information Technology, Communication Networks and Security
10	Времетраење на студиите (во години)	4 (четири) години
11	Учебна година во којашто ќе започне реализацијата на студиската програма	2023/2024 година
12	Број на студенти што се планира да се запишат на студиската програма	50 (педесет) студенти во првата година на студиската програма
13	Јазик на којшто ќе се изведува наставата	Македонски јазик
14	Дали студиската програма се поднесува за акредитација или за повторна акредитација	Повторна акредитација на постојна студиска програма за Комуникациски мрежи и безбедност четири годишни студии. Досега вкупен број акредитации: 2 (1 акредитација и 1 реакредитација)
15	Начин на финансирање на предложената студиска програма	Финансирањето на студиската програма се извршува во рамки на финансиите на Универзитетот. Финансирањето на Универзитетот се одвива од приходите добиени од Буџетот на РСМ, како и од самофинансирачки активности. Средствата од Буџетот на РСМ, Универзитетот ги добива врз основа на барање за одобрување на средства доставено до МОН. Добиените средства од МОН се строго наменски и се користат исклучиво врз основа на одобрение. Самофинансирачкните средства на Универзитетот се добиваат врз основа на уплата од студентите на партиципација и други трошоци поврзани со студирањето. Висината на партиципацијата се одредува од страна на МОН, а висината на другите трошоци за студирање врз основа на ценовник одобрен од Сенатот на Универзитетот. Износот на партиципација на студентите во државна квота изнесува 200 евра во денарска противредност за една академска година или 100 евра во денарска противвредност по семестар. Износот на партиципација на студентите со самофинансирање изнесува 400 евра во денарска противвредност за една академска година или 200 евра во денарска противвредност по семестар. Износот на партиципација на вонредни студенти изнесува 400 евра во денарска вредност за една академска година. Износот на партиципацијата која ја плаќаат странските студенти се одредува врз основа на одлука на Сенатот на Универзитетот, по предлог на

			единиците во состав на Универзитетот. Таа во последнава 2022/2023 година изнесува 600 евра по семестар, односно 1200 евра годишно во денарска противвредност. Средствата добиени од уплатата на студентите се користат за покривање на основните трошоци за функционирање на универзитетот, плати за вработените, научни патувања и усовршувања на академскиот кадар и ангажирање на странски соработници со цел подобрување на наставата на студентите. Универзитетот во иднина приходите ќе ги добива од: вршење образовни услуги, давање научни и стручни услуги и производи, приходи по основа на авторски права сопственост на Универзитетот итн. Исто така универзитетот аплицира за добивање донации - грантови од странски проекти (донатори), со што ќе обезбеди напредок на професионално и стручно ниво на Универзитетот.
16		Услови за запишување на студиската програма посебно за редовни, вонредни и странски студенти	Согласно Законот за високото образование, на прв циклус универзитетски студии може да се запише лице кое положило државна матура или меѓународна матура. Запишувањето на студии во прв циклус се врши врз основа на јавен конкурс кој го објавува Универзитетот најмалку пет месеца пред започнувањето на наставата. Универзитетот ја утврдува постапката за селекција на кандидатите за упис на начин кој гарантира рамноправност на сите кандидати без оглед на раса, боја на кожа, пол, јазик, вера, политичко или друго уверување, етничко, национално или социјално потекло, имот, раѓање, општествена положба, инвалидност, сексуална ориентација и возраст. Универзитетот ги утврдува критериумите врз основа на кои се врши селекцијата и изборот на кандидатите за упис. Универзитетот ги определува предметите од државната матура кои се од важност за студирање на оваа студиска програма и тоа јасно го објавува како дел од јавниот конкурс за запишување и на својата веб страна. Вонредните студенти се запишуваат според истите услови и критериуми како и редовниste студенти, а се рангираат на посебна ранг листа. При пријавувањето за запишување како вонредни студенти, кандидатите поднесуваат образец М1/М2. Странските државјани се запишуваат на студии под исти услови како и државјаните на РСМ, но може, во согласност со одлуките на надлежните државни органи или Универзитетот, од нив да се бара плаќање на дел или полна цена за студиите. Се смета дека условите за запишување ги исполнува и лицето, кое завршило образование според еднаква студиска програма во странство. Еднаквоста на студиските програми се оценува според утврдена

			процедура на Универзитетот во согласност со државните органи.
17		Информација за продолжување на образованието	По завршување на првиот циклус академски студии студентот може да го продолжи образованието на втор циклус академски (магистерски) студии.

1. Цел и оправданост за воведување на студиската програма

Брзиот развој на информатичките науки и технологии и нивното огромно влијание на начинот на функционирање на општествата, дава простор за тврдење дека влегуваме во нова ера т.н. „ера на информации“ или „трета индустриска револуција“. Во годините кои доаѓаат се очекува дека информатичките науки и технологии ќе создадат услови за развој на нови индустрии и зголемен економски развој.

Информатичките науки и технологии создаваат нови производи, процеси и системи за дистрибуција. Новите производи го вклучуваат на пример компјутерот, интернетот и дигиталната телевизија; новите процеси вклучуваат интернет банкарство, автоматизирано управување со залихи и автоматизирано шалтерско работење и други; новите системи за дистрибуција ги вклучуваат кабловска и сателитска телевизија.

Информатичките науки и технологии се идентификувани како еден од главните играчи во борбата против климатските промени, поточно во подобрувањето на енергетската ефикасност. Тие влијаат на редуцирањето на употребата на примарните извори на енергија. Тие помагаат во потрагата по евтини и чисти извори на енергија.

Општествените промени како на пример проблемот со староста на популацијата, одржлива социјална и здравствена заштита, квалитетно образование, гарантирана безбедност се дел од предизвиците за кои информатичките науки и технологии ќе пробаат да дадат одговор.

Влијанието на информатичките науки и технологии на однесувањето на луѓето, на демократските процеси и на креативноста на луѓето ќе продолжи во иднина.

Појавата на овие нови технологии бара од луѓето кои работат во информатичките науки и технологии постојано да се едуцираат, усовршуваат и надградуваат со знаења. Потребата од постојано изучување на новите развиени техологии е она кое што ги прави овие науки и технологии мошне атрактивни и предизвикувачки. Денес информатичките науки и технологии се столбот на секој бизнис и се основа за конкурентност и ефикасност на секој бизнис.

Комуникациските мрежи како дел од информатичките науки и технологии претставуваат возбудлива област која се развива многу брзо и привлекува големо влијание на многу научници и академската заедница во целост. Фактот дека сите приватни компании како приватни така и јавни институции денес даваат големо значење на нивната мрежна инфраструктура, ја прави оваа област многу атрактивна. Причината за ова е фактот дека денес ништо не може да се направи без квалитетни комуникации. Како последица на ова секоја комуникациска односно компјутерската мрежа треба да има солидни механизми на заштита кои ќе обезбедат доволно високо ниво на заштита на податоците од кражба и нивно губење, понатаму ќе обезбедат доволно високо ниво на заштита од протекување на информации и податоци како и заштита од присвојување на туѓи доверливи и заштитени податоци.

Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност и неговата соодветна студиска програма за прв циклус студии, се насочени кон областите на компјутерските мрежи, мрежната безбедност, т.н wireless технологии, криптографија итн.

Се очекува дека дипломираните инжинери од овој факултет ќе се стекнат со потребните знаења за да обезбедат постојано и ефективно одржување на компјутерските и другите комуникациските мрежи и ќе бидат оспособени за справување со најразлични безбедносни проблеми.

Овој факултет се стреми кон едукација на високо квалитетни и вешти професионалци кои ќе можат да се вклопат во било какви локални или интернационални компании, институции или академски заедници.

2. Усогласеност на студиската програма со потребите на општеството за дадениот профил на кадри

Современите компјутерски науки и технологии стануваат основен инпут за функционирање на едно модерно информатичко општество. Преку нив се зголемува протокот и достапноста на информации, што резултира со зголемена продуктивност и создавање на ефикасни услуги за граѓаните и компаниите. Брзо растечкиот развој на информатичките и комуникациските технологии резултира со значајни промени кои се одвиваат во деловниот амбиент и на пазарот на труд во нашто општество. Според податоците на Државниот завод за статистика во периодот 2018 до 2020 бројот на вработени во дејноста компјутерско програмирање се зголемил за 36%. Официјалните статистички податоци покажуваат континуиран пораст на просечно исплатената плата во секторот информациски технологии, односно од 75 546 денари во 2020 на 91 580 денари во 2022 година.

Имајќи ја во предвид потребата од профилирање на кадар кој ќе биде на располагање на бизнис заедницата и ќе биде оспособен за подобрување на организациските процеси како и во оформувањето и развојот на наставниот и истражувачкиот капацитет на научно образовните институции, посебно на јавните Универзитети и институти, Факултет за комуникациски мрежи и безбедност донесе одлука за реакредитација на студиската програма по прв циклус студии Комуникациски мрежи и безбедност која е дизајнирана согласно основните задачи и цели на образование на високо-компетентни кадри од полето на информатички науки и технологии во областа комуникациски мрежи и безбедност.

Студиската програма за прв циклус на студии Комуникациски мрежи и безбедност на УИНТ ќе допринесе на потребата од високо квалификувани професионалци од информатичките науки и технологии во областа на комуникациски мрежи и безбедност и потребата од постојана едукација и надградба на работната сила вклучена во информатичките технологии од областа комуникациски мрежи и безбедност, посебно растечкиот приватен сектор.

Со реализација на оваа студиска програма се образуваат кадри кои се клучни во оформувањето и развојот на соработничкиот и истражувачкиот капацитет на научно образовните институции, посебно на јавните Универзитети, институти и развојни центри на приватни компании кои работат во информатичките науки и технологии од областа комуникациски мрежи и безбедност во европски и светски рамки.

3а. Општи дескриптори на квалификации за прв циклус на четиригодишни студии со 240 ЕКТС, студиска програма Комуникациски мрежи и безбедност, на Факултет за комуникациски мрежи и безбедност, Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид, согласно со уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации

Ниво во Националната рамка на високообразовните квалификации		Високо образование	Ниво во Европската рамка на високообразовни квалификации
VI	A	Прв циклус на универзитетски, додипломски академски студии, Четиригодишни студии 240 ЕКТС	6

Квалификации кои означуваат успешно завршување на првиот циклус на студии (180/240 ЕКТС) се доделуваат на лице кое ги исполнува следните дескриптори на квалификациите:

Општи дескриптори на квалификации за прв циклус на четиригодишни студии со 240 ЕКТС, студиска програма Комуникациски мрежи и безбедност, на Факултет за комуникациски мрежи и безбедност, Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид, согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации

Тип на дескриптор	Опис
Знаење и разбирање	Општа цел на оваа студиска програма е да му се овозможи на студентот да развива квалитетен и критички начин на мислење и учење, и стекнување на длабоки знаења од областите на комуникацискте мрежии безбедност, како и негова подготовка за практична работа и научно-истражувачка дејност.
Примена на знаењето и разбирањето	Може да го примени знаењето и разбирањето на начин што покажува професионален пристап во работата или професијата. Покажува компетенции за идентификација, анализа и решавање проблеми. Способност за пронаоѓање и поткрепување аргументи во рамките на полето на студирање.
Способност за проценка	Способност за прибирање, анализирање, оценување и презентирање информации, идеи, концепти од релевантни податоци. Донесување соодветна проценка земајќи ги предвид личните, општествените, научните и етичките аспекти. Способност да оценува теоретски и практични прашања, да дава објаснување за причините и да избере соодветно решение.
Комуникациски вештини	Способност да комуницира и дискутира, и со стручната, и со нестручната јавност, за информации, идеи, проблеми и решенија кога критериумите за одлучување и опсегот на задачата се јасно дефинирани. Презема поделена одговорност за колективни резултати. Способност за независно учество, со професионален пристап, во специфични, научни и интердисциплинарни дискусии.
Вештини на учење	Презема иницијатива да ги идентификува потребите за стекнување понатамошно знаење и учење со висок степен на независност.

3б. Специфични дескриптори на квалификации за прв циклус на четиригодишни студии со 240 ЕКТС, Комуникациски мрежи и безбедност, на Факултет за комуникациски мрежи и безбедност, Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид, согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации

Тип на дескриптор	Опис
Знаење и разбирање	Студиската програма треба да даде можност на студентите да развиваат квалитетен и критички начин на мислење и учење, како и да се здобијат со длабоки познавања во сферата на информатичките науки и технологии и специфично во областа на комуникациски мрежи и безбедност. Студентот ќе стекне вештини за примена на стекнатите знаења во специфицирани области генерално во подрачјето комуникациски мрежи и безбедност, но и поконкретно во подобласти кои се од посебен интерес на неговиот индивидуален професионален развој. Исто така, на студентот ќе му биде овозможено да развива и поширок опсег на технички и интерперсонални способности. При реализацијата на оваа студиска програма, студентот ќе стекне знаења од пошироко образовно подрачје поврзано со информатичките науки и технологии. Ќе ги совлада основните концепти на Компјутерски симулации во Физиката, дискретната математика,

	линеарната алгебра и математичката анализа, станувајќи способен да ги применува овие концепти за моделирање на ситуации од реалноста во една, две, три или повеќе димензии и од непрекината и од дискретна природа. Исто така студентот ќе се стекне со знаења од областа на програмирање, изучувајќи повеќе напредни техники и концепти на програмирање. Студентот ќе ги разбира концептите на дизајнирање на алгоритми, оперирање со различни структури на податоци, како и креирање и управување со бази на податоци. Студентот ќе биде оспособен за користење на дисциплини како веројатност, дескриптивна и теориска статистика и нивна примена во специфичните области поврзани со информатичките науки и технологии од интерес за специфичниот професионален развој. Исто така, студентот ќе: ● ги знае основните принципи на компјутерските мрежи; различните елементи и архитектури кои ја образуваат Интернет мрежата како LAN, WAN, ISP, AS; протоколите за рутирање и packet/circuit switching архитектурите. ● има познавања за интернет протоколите: IPv4, IPv6 и Transport протоколите: TCP/UDP. ● ја разбира теоријата на континуирани и дискретни сигнали, како и теоријата на континуирани и дискретни системи; ● покажува знаење околу физичкото значење на континуирана и дискретна Фуриева трансформација; физичкото значење на семплирањето и неговите ограничувања (теорема на Shanon); ● има познавања од MatLab програмскиот пакет, како алатка која се користи при сигнално процесирање, т.е. алатка за анализа, проценка и/или симулација на сигнали и системи; ● поседува солидно познавање на основните концепти отелотворени во протоколите за комуникација, како и знаења и вештини во спроведувањето и анализата на протоколите, кое пак од своја страна ќе доведе до дизајнирање; ● ги сфаќа основите на безжичната технологија и да развива основни концепти на радио преносот, на WLAN технологиите и компонентите, како и 802.11 операциите; ● поседува основно разбирање за потребните компоненти за дизајн на безжична мрежа, како и напреден дизајн на безжична мрежа. ● покажува знаење за Маркови вериги; го сфаќа непрекинатото време на моделите на Марков процес ● го сфаќа значењето на Пуасонов процес; го проширува моделот на Пуасонов процес до други едноставни примери и ги решава соодветните проблеми и ја разбира улогата на равенки нанапред и равенки наназад; ја разбира и ја користи употребата на симулацијата во моделирањето. ● има длабоко знаење за дистрибуираното сметање; ● познава најразлични клиент/сервер архитектури, на практичен и теоретски план; ● има познавања од паралелното програмирање; ● разбира дека криптоблоковите се основни алатки при дизајн на протоколи за заедничка клучна криптографија; ● знае дека pseudorandom функциите (prfS) и нивните братучеди pseudorandom пермутациите (PRP‟s) се во основните алатки при дизајнот на протоколи за заеднички клуч криптографија;

	● има познавања за симетрична енкрипција која им овозможува на два корисници да делат еден заеднички клуч; ● ги познава основите на теоријата на кодовите; ● ги познава основните својства на специфичните кодови; ● поседува целосно разбирање дека една шема се смета за безбедна ако на корисникот му е тешко да одреди која од дадени две шеми е кодирана; користи хаш функции за да се осигури дека излезот на дадена функција е значително намален во должина; ● ги разбира основните апликации, концепти и техники на податочното рударење, примена на најновите софтвери за податочно рударење за решавање на практични проблеми во разлишни дисциплини, стекнување искуство во спроведување на независно проучување и истражување; ● ги знае основните спецификации на софтверските агенти, архитектури, комуникации меѓу агентите, софтверски платформи за агенти; ● има јасно знаење за поимот агенти, прави разлика меѓу агент и програма, прави разлика помеѓу агент и објект; ● ги разбира принципите на проектниот менаџмент на знаења, владее со вештини во менаџирање на проекти со тимови кои се преклопуваат и надворешни партнери, како и апликација на техниките за проектен менаџмент на работните места со цел временско кратење, редуцирање на трошоци, подобрување на квалитетот и односите со засегнатите страни.
<tr><td>4.1 Начин на студирање (редовни, вонредни):</td><td></td></tr>
<tr><td>4.2 Барања и резултати на студиската програма:</td><td>Студентите од прв циклус, студиска програма – четиригодишни студии на комуникациски мрежи и безбедност завршуваат со полагање на сите испити, односно со освоени 240 кредити. 72,5% ЕКТС од задолжителните наставни предмети во однос на вкупниот број на ЕКТС на студиската програма и 27,5% ЕКТС од изборните наставни предмети во однос на вкупниот број на ЕКТС на студиската програма. Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност е единицата на Универзитетот која ја реализира оваа студиска програма во рамките на првиот циклус на студии. Покрај општите дисциплини кои се заеднички за студиите по информатички науки и технологии програмата опфаќа и изучување на дигитално процесирање на сигнали, мрежна архитектура, комуникациски програми, безжични технологии, крипографија, системи клиент/сервер и друго. Со завршувањето на оваа студиска програма студентите се стекнуваат со компетенции за:
• Дизајн и одржување на комуникациски мрежи
• Безбедност на комуникациските мрежи
• Обработка на сигнали
• Програмирање
• Платформско инженерство
• Релациони, нерелациони и динамични бази на податоци.</td></tr>
<tr><td>4.3. Податоци за студиската програма (насока, модул, оценки, ЕКТС кредити)</td><td>Студиска програма комуникациски мрежи и безбедност, четиригодишни студии со 240 ЕКТС. За сите предмети од студиската програма е предвидено посетување на предавање и вежби. Некои од предметите вклучуваат работа на студентот на терен или изработка на проектни задачи или семинарски работи. Во последниот семестар студентот изработува дипломска работа. Просечната оценка на студирањето се пресметува како просек за сите оценки од сите предмети. На студентот му се издава Уверение за оценки за целосно реализирана студиска програма.</td></tr>
<tr><td>4.4 Систем на оценување (шема на оценки и критериуми за добивање на оценките)</td><td>
<table>
<tr><th>Национална оцена</th><th>Опис</th><th>Дистрибуција</th></tr>
<tr><td>10</td><td>Извонреден</td><td>91-100</td></tr>
<tr><td>9</td><td>Одличен</td><td>81-90</td></tr>
<tr><td>8</td><td>Многу добар</td><td>71-80</td></tr>
<tr><td>7</td><td>Добар</td><td>61-70</td></tr>
<tr><td>6</td><td>Доволен</td><td>51-60</td></tr>
<tr><td>5</td><td>Недоволен</td><td>0-50</td></tr>
</table>
Преодна најниска оценка е 6, а 10 е највисока преодна оценка. Оценката се формира врз основа на постигнат успех од колоквиумите или завршниот испит (максимум 80 поени) и други наставни активности (најмногу 20 поени). За завршување на студиите неопходно е студентот за добие преодни оценки по сите предмети од студиската програма.</td></tr>
<tr><td>4.5 Просечна оценка во текот на студиите</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">5. ПОДАТОЦИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА КВАЛИФИКАЦИЈАТА</td></tr>
<tr><td>5.1 Пристап до понатамошни студии</td><td>Со овој степен на завршени студии се овозможува запишување на втор циклус на универзитетски студии.</td></tr>
<tr><td>5.2 Професионален статус (ако е применливо)</td><td>Со завршување на оваа студиска програма се добива директен пристап до професионално ангажирање во струката.</td></tr>
<tr><td colspan="2">6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ</td></tr>
<tr><td>6.1 Дополнителни информации за студентот:</td><td>/</td></tr>
<tr><td>6.2 Дополнителни извори за високообразовната установа:</td><td>www.uist.edu.mk
Тел.. +389 (0) 46 511 000
Фах.. +389 (0) 46 511 567</td></tr>
<tr><td colspan="2">7. ЗАВЕРКА НА ДОДАТОКОТ НА ДИПЛОМА:</td></tr>
<tr><td>7.1 Датум и место:</td><td></td></tr>
</table>

7.2 Име и потпис:	
7.3 Функција на потписникот:	Декан Ректор
7.4 Печат	

8. ПОДАТОЦИ ЗА СИСТЕМОТ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА	
8.1. Видови високообразовни установи	Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апсотол Павле'' Охрид е највисока автономна јавна високообразовна, научна установа, која го обезбедува единството на Универзитетот во вршењето и развојот на високото образование, науката и стручноста. Универзитетот непосредно преку јавните факултети и преку своите единици на Универзитетот, пренесува научни сознанија од повеќе научни подрачја и дисциплини.
8.2 Вид на студии	Академските четиригодишни студии ги оспособуваат студентите за вршење на дејности во науката и високото образование, во деловниот свет, во јавниот сектор и општеството во целост преку оспособување за развој и примена на научните и стручните достигања. Стручните студии им даваат на студентите знаења и вештини кои им овозможуваат вршење на стручни занимања и ги оспособуваат за непосредно вклучување во работниот процес.
8.3 Акредитација на високообразовната установа	Системот за обезбедување и оценување на квалитетот на високото образование се потпира врз функционирањето на Одборот за акредитација и Агенцијата за евалуација. Одборот за акредитација врши одобрување, потврдување и признавање на високообразовната установа и на студиските програми за вршење високообразовна дејност во согласност со Законот за високото образование. Агенцијата за евалуација врши процена на квалитетот на вршењето на високообразовната дејност, управувањето, финансирањето, академските и други активности и нејзините приоритети.
8.4 Структура на високообразовните универзитетски (академски) студиски програми	Студиските програми за стекнување на образование се распоредуваат во три циклуси на високото образование: - прв циклус универзитетски студии којшто по правило траат од три до четири години и со неговото завршување се стекнуваат 180 до 240 ЕКТС кредити. Лицето кое ги завршило студиите се стекнува со диплома со додавка на соодветната струка, а во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, академскиот назив по завршувањето на првиот циклус на студии е baccalareus или baccalaurea . - втор циклус универзитетски студии коишто по правило траат од една до две години (или подолго доколку тоа е во согласност со меѓународно прифатените стандарди за даден профил) и со нивното завршување се стекнуваат со 60 до 120 ЕКТС кредити. Вкупниот број кредити кои се стекнуваат на првиот и вториот циклус на универзитетските студии изнесува 300 кредити. Лицето кое ги завршило студиите од прв и втор циклус на универзитетските студии се стекнува со научен назив магистер, или со друг назив на студиите, а во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, научниот назив по завршувањето на вториот циклус на студии е master. - Третиот циклус на универзитетски студии - на докторските студии се стекнуваат по правило 180 ЕКТС кредити. Со јавната одбрана на докторскиот труд се стекнува научен назив доктор на науки (PhD) односно доктор по уметности (PhDArts).
8.5 Структура на високобразовните стручни студии	Стручните студии траат три години и со нивно завршување се стекнуваат 180 ЕКТС кредити, а по исклучок можат да траат четири години и со тие студии се стекнуваат 240 ЕКТС кредити. Со завршувањето на стручните студии се стекнува диплома со додавка на соодветната струка, а во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, стручниот назив по завршувањето на првиот циклус стручни студии е baccalareus односно baccalaurea со додавка на струката. Специјалистичките стручни студии од втор циклус траат една до две години и со нивното завршување се стекнува звање специјалист од одредена струка (spec.) кое се користи покрај стручниот назив стекнат на стручните студии или академските студии од прв циклус.
8.6 Услови за запишување на студиите	На прв циклус универзитетски и стручни студии може да се запише лице кое положило државна матура или меѓународна матура. На студиски програми од втор циклус на универзитетски студии може да се запише лице кое завршило соодветни студиски програми од прв циклус. Соодветноста ја утврдуваат Универзитетот и неговите единици, а исто така и условите за упис на кандидатите кои имаат завршено други студиски програми.

	На докторски студии може да се запише лице кое завршило соодветни студии од втор циклус. Универзитетот може да постави и други услови за упис на докторски студии. Други услови согласно Законот за високото образование, Статутот и Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Универзитетот за Информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле'' Охрид.
8.7 Систем на оценување	Проверката на знаењето на студентот се врши континуирано во текот на наставно-образовниот процес и се изразува во поени. За исполнувањето на обврски за полагање на испитот (по делови или во целина) студентот може да оствари најмногу 100 поени или да добие позитивна оценка која се изразува до 10 (десет), при што оценките го означуваат следниов успех: 10 - извонреден 9 - одличен 8 - многу добар 7 - добар 6 - доволен 5 – недоволен Завршното оценување задолжително се запишува во индексот или во некој друг документ и во пријавата за завршното оценување. Просечниот успех на студентот претставува аритметичка средина на оценките од завршното оценување по сите наставни предмети во текот на студиите, вклучувајќи ја и дипломската работа.



DIPLOMA SUPPLEMENT


1. INFORMATION IDENTIFYING THE HOLDER OF THE QUALIFICATION	
1.1 First name:	
1.2 Family name:	
1.3 Date (dd/mm/yy), place, country of birth	
1.4 Personal identification number:	
2. INFORMATION IDENTIFYING THE QUALIFICATION	
2.1 Date of issue:	
2.2 Name of qualification and title conferred	Bachelor of Science in Information Technology, Communication Networks and Security, VI A, 6
2.3 Main field of study for the qualification	Communication Networks and Security 2 Engineering and technology 212 Computer technology and informatics 21202 Information systems and Networks
2.4 Name and status of awarding institution:	University of Information Science and Technology "St. Paul the Apostle" Ohird, state university established in 2009 by the Assembly of the Republic of Macedonia. Faculty of Communication Networks and Security.
2.5 Name and status of institution (if different from 2.4) administering studies:	/
2.6 Language of instruction:	
3. INFORMATION ON THE LEVEL OF THE QUALIFICATION	
3.1 Type of qualification:	Academic (university) studies
3.2 Level of qualification :	Computer Science Bachelor's degree
3.3 Official length of program:	4 years (8 semesters, 15 weeks/semester), 240 ECTS credits
3.4. Admission requirements:	Secondary School Diploma; completed four-year secondary education (before the academic 2007/2008 when National Graduated Examination was not introduced); active knowledge of English; as well as other conditions set out in the Call for enrollment of students in the first year of the first cycle studies in the relevant academic year of enrollment.

<table>
<tr><td colspan="2">4. INFORMATION ON THE CONTENTS AND RESULTS GAINED</td></tr>
<tr><td>4.1 Mode of study:</td><td></td></tr>
<tr><td>4.2 Requirements and results of the study program:</td><td>Students on first cycle study program – four-year studies in communication networks and security complete the studies by passing all the exams i.e. by gaining 240 credits. 72.25% of the exams are mandatory and 27.5% are elective. The Faculty of Communication Networks and Security is the university unit which implements this study program within the first cycle studies. In addition with the general disciplines common for studies in information science and technology, the program covers the study of a lot of other topics from the field of information and communication systems and networks. With the completion of this program students acquire academic qualifications for:
● Design and maintenance of communication networks
● Security of communication networks
● Signal processing
● Programming
● Platform engineering
● Relational, nonrelational and dynamic databases</td></tr>
<tr><td>4.3 Program details: (e.g. modules or units studied and individual grades/marks/credits obtained:</td><td>The student has graduated with 240 ECTS. The lectures and tutorials are provided for all courses of the study program. Some of the courses include the student's field work or preparation of projects tasks or seminar papers. In the last semester the student submits a final thesis. The grade point average of the studies is calculated as an average of all grades from all courses. The student is issued a Transcript of Grades for fully realized study program.</td></tr>
<tr><td>4.4 Grading scheme and grade distribution guidance:</td><td><table><tr><td>National grade</td><td>Description</td><td>Distribution</td></tr><tr><td>10 (A)</td><td>Exceeding</td><td>91-100</td></tr><tr><td>9 (B)</td><td>Excellent</td><td>81-90</td></tr><tr><td>8 (C)</td><td>Very good</td><td>71-80</td></tr><tr><td>7 (D)</td><td>Good</td><td>61-70</td></tr><tr><td>6 (E)</td><td>Satisfactory</td><td>51-60</td></tr><tr><td>5 (F)</td><td>Unsatisfactory</td><td>0-50</td></tr></table>
6 is the lowest and 10 is the highest grade for passing the course. The grade is formed based on the results achieved from the midterm exams or the final exam (80 points maximum) and other instructional activities (20 points at the most). For completion of the studies, it is necessary that a student obtains at least grade 6 in all courses of the study program.</td></tr>
<tr><td>4.5 Overall classification of the qualification /Grade point average</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">5. INFORMATION ON THE FUNCTION OF THE QUALIFICATION</td></tr>
<tr><td>5.1 Access to further study:</td><td>Access to second cycle studies.</td></tr>
<tr><td>5.2 Professional status (if applicable):</td><td>Completion of this study program gives direct access to professional engagement</td></tr>
<tr><td colspan="2">6. ADDITIONAL INFORMATION</td></tr>
<tr><td>6.1 Additional information (about the student :</td><td>/</td></tr>
<tr><td>6.2 Further information sources:</td><td>www.uist.edu.mk
Tel. +389 (0) 46 511 000
Fax. +389 (0) 46 511 567</td></tr>
<tr><td colspan="2">7. CERTIFICATION OF THE SUPPLEMENT</td></tr>
<tr><td>7.1 Date (dd/mm/yy) and place:</td><td></td></tr>
<tr><td>7.2 Name and signature :</td><td></td></tr>
</table>

7.3 Capacity:	Dean Rector
7.4 Official stamp/seal	

8. DATA ON THE SYSTEM OF HIGHER EDUCATION IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA	
8.1 Types of higher education institutions	The University of Information Science and Technology "St. Paul the Apostle" - Ohrid is the highest autonomous public higher education, scientific institution, which ensures the unity of the University in the implementation and development of higher education, science and expertise. The University, directly through the public faculties and through its units, transfers scientific knowledge from several scientific fields and disciplines.
8.2 Type of studies	Academic studies enable students to perform activities in science, higher education, the work place, public sector and society as a whole through training for the development and application of scientific and professional achievements. Professional studies provide students with knowledge and skills that enable them to perform professional occupations and prepare them to be directly involved in the work process.
8.3 Accreditation of the higher education institution	The system for quality assurance and evaluation of higher education depends on the Accreditation Board and the Evaluation Agency of higher education. The Accreditation Board approves, confirms and recognizes higher education institutions and study programs that performe higher education activities in accordance with the Law on Higher Education. The evaluation agency evaluates the quality of higher education activities, management, financing, academic and other activities related to the educational process.
8.4 Structure of higher education university (academic) study programs	Study programs for acquiring higher education are divided into three cycles: - the first cycle of university studies lasts from three to four years and upon its completion, 180 to 240 ECTS credits are acquired. The individual who completes the first cycle of studies acquires a diploma with the addition of the relevant profession. In international trade the diploma is also issued in English. The academic title after the completion of the first cycle of studies is baccalareus i.e. baccalaurea. - the second cycle of university studies lasts from one to two years (or longer if it is in accordance with the internationally accepted standards for a given profile) and upon their completion, 60 to 120 ECTS credits are acquired. The total number of credits acquired in the first and second cycle of university studies is 300 credits. The individual who completes he studies acquires the scientific title of master, or with another title of the studies.In the international trade the diploma is issued in English. The scientific title after the completion of the second cycle of studies is master. - The third cycle of university studies - 180 ECTS credits are usually acquired for doctoral studies. With the public defense of the doctoral thesis, the scientific title of doctor of science (dr.sci) or doctor of arts (dr.art) is acquired.
8.5 Structure of higher education professional studies	Professional studies last three years and with their completion 180 ECTS credits are acquired. On exception, these studies can last four years and thus 240 ECTS credits are acquired. Upon completion of professional studies, a diploma is acquired with the addition of the relevant profession. In the international trade, the diploma is also issued in Englis. The professional title after the completion of the first cycle of professional studies is baccalareus i.e. baccalaurea with the addition of the profession. The specialist professional studies of the second cycle last one to two years, and upon their completion, the title of specialist in a specific profession (spec.) is acquired, which is used in addition to the professional title acquired during the professional studies or academic studies of the first cycle.
8.6 Criteria for enrollment in studies	An individual who passed the state matriculation or international matriculation can enroll in the first cycle of university and professional studies. An individual who completed appropriate study programs from the first cycle can enroll in study programs of the second cycle of university studies. Eligibility is determined by the University and its units, as well as the enrollment requirements for candidates who have completed other study programs. An individual who has completed appropriate studies from the second cycle can enrolle in doctoral studies. The university may set additional conditions for enrollment in doctoral studies. Other conditions are determined according to the Law on Higher Education, the Statute and the Regulations for the conditions, criteria and rules for enrollment and study in the first and second cycle of studies at the University of Information Science and Technology "St. Paul the Apostle" Ohrid.

8.7 Assessment system	Students' knowledge is assessed continually during the teaching-educational process and is expressed in points. For the fulfillment of requirements from exams (in parts or as a whole), the student can obtain a maximum of 100 points or receive a positive grade up to 10 (ten), whereby the grades indicate the following success: 10 - superb 9 - excellent 8 – very good 7 - good 6 - fair 5 – insufficient The final assessment grade must be recorded in the students' indices or in some other document and in the application form for the final assessment. The student's average success is the arithmetic mean of the grades from the final assessment for all study courses during the whole studies, including the final exam.


Years of Education
21
20
19
18
17
16
15
14
13
12
11
10
9
8
7
6
5
4
3
2
1
Higher Education
Secondary Education
Primary Education
Postdoctoral Studies
(Third Cycle)
Doctoral Studies
(Third Cycle)
Specialist Studies
Specialist
Professional Studies
(Master Level – Second Cycle)
Integrated Studies
(First and Second Cycle)
Professional
Studies
(First Cycle)
Academic Studies
(Undergraduate Level – First Cycle)
General/Technical
Secondary
Education
Secondary Vocational
Education
Secondary Education for
Occupation
Primary Education (Third Cycle)
Primary Education (Second Cycle)
Primary Education (First Cycle)

Прилог бр. 6

Статут на високообразовната установа – линк до веб страната

СТАТУТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ за ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ „Св. Апостол Павле“ ВО ОХРИД (uist.edu.mk)

Извештај од последна самоевалуација – линк до веб страната

https://uist.edu.mk/wp-content/uploads/2022/10/Извештај-за-самоевалуација-на-УИНТ-септември-2022-финален_Анекси_.pdf

Прилог бр. 7
Акт за основање

превземено од *w w w . p r a v o . o r g . m k*

ЗАКОН ЗА ОСНОВАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Службен весник на РМ, бр. 81 од 07.07.2008 година

Член 1

Се основа Универзитет за информатички технологии (во натамошниот текст: Универзитет), како највисока автономна високообразовна и научна установа, со следниве единици во негов состав:

1. Факултет за компјутерски науки и инженерство;
2. Факултет за мрежни и комуникациски технологии;
3. Факултет за роботика;
4. Факултет за технологии на информатичко општество;
5. Институт за применети науки и технологии;
6. Институт за базични истражувања;
7. Факултет за медиумски технологии;
8. Факултет за информациони системи и сервиси и
9. Факултет за биомедицинско инженерство.

Член 2

Универзитетот преку единиците во својот состав ќе врши високообразовна дејност како додипломски, постдипломски и докторски студии, како и научно-истражувачка дејност во областите на информатичките технологии, во согласност со Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/2008).

Член 3

Универзитетот има својство на правно лице.
Седиштето на Универзитетот е во Скопје.

Член 4

Факултетите од членот 1 на овој закон под точките 1, 2, 4, 5 и 6, ќе почнат со работа од учебната 2008/2009 година, по целосното спроведување на постапката за основање утврдена со Законот за високото образование.
Факултетите од членот 1 на овој закон под точките 3, 7, 8 и 9 ќе почнат со работа од учебната 2010/2011 година, по целосното спроведување на постапката за основање утврдена со Законот за високото образование.

Член 5

Подготовките за почеток со работа на Универзитетот ќе ги врши матична комисија.
Членовите на матичната комисија ги именува Владата на Република Македонија, на предлог на министерот надлежен за работите на високото образование, најдоцна во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 6

Средствата за финансирање на дејноста на Универзитетот ќе се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и од други извори определени со закон.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

превземено од *w w w . p r a v o . o r g . m k*

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Службен весник на РМ, бр. 48 од 13.04.2009 година

Член 1

Во насловот на Законот за основање на Универзитет за информатички технологии во Скопје ("Службен весник на Република Македонија" број 81/2008), зборовите: "во Скопје" се бришат.

Член 2

Во членот 1 точка 2 зборовите: "мрежни и комуникациски технологии" се заменуваат со зборовите: "комуникациски мрежи и безбедност".
Во точката 3 по зборот "за" се додаваат зборовите: "машинска интелегенција и".
Во точката 4 зборовите: "технологии за информатичко општество" се заменуваат со зборовите: "информатички системи, визуелизација, дигитална мултимедијална и анимациска техника".
Точката 5 се менува и гласи:
"5. Факултет за информациони теории и анализи."
Точките 6, 7, 8 и 9 се бришат.

Член 3

Во членот 3 став 2 зборот "Скопје" се заменува со зборот "Охрид".

Член 4

Во членот 4 став 1 зборовите: "под точките 1, 2, 4, 5 и 6" се бришат, а броевите "2008/2009" се заменуваат со броевите "2009/2010".
Ставот 2 се брише.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

превземено од *w w w . p r a v o . o r g . m k*

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ

Службен весник на РМ, бр. 6 од 15.01.2010 година

Член 1

Во Законот за основање на Универзитет за информатички технологии ("Службен весник на Република Македонија" број 81/2008 и 48/2009), насловот на Законот се менува и гласи:

"Закон за основање на Универзитет за информатички науки и технологии "Свети Апостол Павле"."

Член 2

Во членот 1 зборовите: "Универзитет за информатички технологии" се заменуваат со зборовите: "Универзитет за информатички науки и технологии "Свети Апостол Павле"".

Член 3

Во членот 2 по зборот "информатичките" се додаваат зборовите: "науки и".

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Прилог бр. 8

8.1 Договор за закуп

ДРЖАВЕН СТУДЕНТСКИ ДОМ "НИКОЛА КАРЕВ" Бр. 03-495 17.11.2009 год. ОХРИД

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ - ОХРИД

Примено: 18.11.2009			
Орг. Един.	Број	Прилог:	Вредност:
03	55811		

ДОГОВОР
ЗА ЗАКУП

Склучен на ден 14.07. 2009 година , помеѓу :

1. **Д.С.Д. "Никола Карев" - Охрид** , ул. "Партизанска" б.б. застапуван од в.д. директорот Марјан Ристески, во понатамошниот текст **ЗАКУПОДАВАТЕЛ** и

2. **УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ - Охрид** ул. "Партизанска" б.б. , застапуван од ректорот Благоја Самакоски , во понатамошниот тест **ЗАКУПУВАЧ .**

член 1

Предмет на договорот е давање под закуп на 4 (четири) простории со вкупна површина од 90 м2 во неоспорено владение на Државниот студентски дом "Никола Карев" - Охрид на Универзитетот за информатички технологии - Охрид .

Просториите се наоѓаат на 1 (први) кат од југозападната страна од објектот и кај закуподавателот се водат како апартмани 101 и 102.

член 2

Закупувачот е должен на име закупнина да му исплаќа на закуподавателот месечен износ во висина од **62.300 (шеесет и две илјади и триста) денари** , најкасно до петнаесеттиот ден од тековниот месец.

Закупувачот се обврзува да го плаќа персоналниот данок за исплата на закупнината.

член 3

Договорот ќе почне да се применува од **14.07. 2009** , а важноста на договорот ќе заврши спогодбено по иселувањето на закупувачот од просториите, односно по писмено известување со назначен точен датум за престанок на користење на закупот и направен записник за примопредавање потпишан од двете страни потписници на овој договор.

член 4

Закуподавачот ги дава под закуп просториите од член 1 во уредна состојба.

член 5

Договорните страни се согласни тековните трошоци кои ќе настанат со користење на просториите предмет на овој Договор , (ел. енергија, нафта, вода, ѓубретарина и сл.), да паднат на товар на закуподавателот.

член 6

Закупувачот зема обврска да не ги дава просториите кој се предмет на овој договор во подзакуп.

член 7

Закупувачот е должен по истекот на договорот, да ги врати просториите во исправна состојба , односно санирани од било какви оштетувања .

член 8

Овој договор може да се раскине поради повреда или неисполнување на договорените обврски превземени во овој договор.

Договорот ќе се раскине со писмено известување и наведување на причината и со давање на примерен рок за иселување, кој не може да биде подолг од 15 дена од приемот на истото.

Рокот му се дава на закупувачот за да може да се исели и да ги доведе просториите во состојба согласно член 7 од овој договор.

член 9

Договорните страни ќе настојуваат сите разлики по основ на овој договор да ги решат спогодбено, во спротивно надлежен ќе биде Основниот Суд во Охрид.

член 10

Овој договор е потпишан во 4 (четири) примероци, по 2 (два) за секоја од договорните страни .

Закупувач
Универзитет за информатички технологии
ректор
проф. др. Благоја Самаковски

Закуподавач
Д.С.Д. "Никола Карев"-Охрид
в.д. директор
Марјан Ристески

Прилог бр. 9

9.1 Дозвола за работа

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 12-5021/4
05 10 2010 год.
СКОПЈЕ

И ТЕХНОЛОГИИ
СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ- ОХРИД
Примено 25.11.2010

Орг.единица	Број	Прилог	Вредност
01	1653/1		

Врз основа на член 35 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ број 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009 и 115/10), министерот за образование и наука донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за исполнетоста на условите за почеток со работа на Универзитетот за информатички технологии „Св.Апостол Павле“ во Охрид

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на Универзитетот за информатички технологии „Св.Апостол Павле“ во Охрид со единиците во состав и тоа: Факултет за компјутерски науки и инженерство, Факултет за комуникациски мрежи и безбедност, Факултет за информациони системи, визуелизација, мултимедија и анимација, Факултет за машинска интелигенција и роботика и Факултет за информациони теории и анализи.

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

О б р а з л о ж е н и е

По истекот на важноста на Привременото Решение број 12-4179/3 од 09.07.2009 година, и по исполнување на условите согласно решението за почеток со работа, Универзитетот за информатички технологии „Св. Апостол Павле“ од Охрид, се обрати до Министерството за образование и наука со барање број 03-1243/1 од 07.07.2010 година за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа Универзитетот за информатички технологии „Св.Апостол Павле“ во Охрид со единиците во состав и тоа: Факултет за компјутерски науки и инженерство, Факултет за комуникациски мрежи и безбедност, Факултет за информациони системи, визуелизација, мултимедија и анимација, Факултет за машинска интелигенција и роботика и Факултет за информациони теории и анализи.

По извршениот увид, Комисијата поднесе Извештај број 12–5021/3 од 01.10 .2010 година, до Министерот за образование и наука, за исполнетоста на условите за почеток со работа на Универзитетот „Св. Апостол Павле“ во Охрид, согласно одредбите утврдени со Законот за високо образование (“Службен весник на Република Македонија“ број 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009 и 115/10) и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ број 103/10).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Никола Тодоров

Доставено до:
- **примач**
- **архива**

изготвил: Марика Парцанова
прегледал: Борчо Алексов
одобрил: м-р Агим Рушити

9.2 Решение за упис во Централен регистар

Централен Регистар 27.07.2009

ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, преку регистраторот Виолета Богојеска, постапувајќи по пријавата за упис на основање на: Република Македонија УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ Охрид , со примена на член 4, 30, 39 и 41 од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица ("Сл. весник на Република Македонија" бр.бр.84/05,13/07/150/07 и 140/08), на ден 27.07.2009 го донесе следното:

РЕШЕНИЕ

Примен: 03.08.2009 г.
Орг.Един. 01 Бр. 2711 Вредност:

ЕМБС:	**6500528**

Деловодник

Прием на пријавата:	17.07.2009
Вид на упис:	Упис на основање
Одобрување на пријавата:	27.07.2009
Деловоден број:	30120090172490
Број во матичен регистар:	0
Начин на доставување:	лично

Целосен назив на Субјектот на Упис:	Република Македонија УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ Охрид
Кратко име:	УИТ Охрид
Седиште:	Ул. ПАРТИЗАНСКА Бр.ББ/Дом на АРМ-Охрид ОХРИД ОХРИД
Акт:	Друго : Закон за основање на Универзит за информатички технологии Охрид ("Сл.в.на РМ"бр.81/08).и Решение од Министерство за образование бр.12-4179/3 од 09.07.2009 год.
Датум на основање:	14.07.2009
Вид на сопственост:	Државна сопственост
Единствен даночен број:	4020009508037
Организационен облик:	02.1 - образовна установа
Надлежен регистар:	Регистар на други правни лица
Број на регистарска влошка:	0

Сопственици

ЕМБГ/ЕМБС:	04064682
Име:	**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
Адреса:	Ул. 11-ТИ ОКТОМВРИ Бр.ББ СКОПЈЕ ЦЕНТАР
Тип на сопственик:	Основач/сопственик

Дејности

Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	85.42	Високо образование

Овластувања

Овластени лица

ЕМБГ/ЕМБС:	0705948440001
Име:	**БЛАГОЈА САМАКОСКИ**
Адреса:	Ул. ЃОРЕ ЃОРЕСКИ Бр.5 ПРИЛЕП ПРИЛЕП

Централен Регистар 27.07.2009

Овластувања:	Ректор

Сметки

Вид на сметка	Број на сметка	Банка	Валута	Опис
Трезорска сметка	160016146860312	Министерство за финансии - Трезорска Сметка	MKD	Република Македонија Универзитет за информатички технологи Охрид

1. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.
2. ПРАВНА ПОУКА:
Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на решението до Комисијата за жалби преку Централниот Регистар на Република Македонија, Регионална регистрациона канцеларија Скопје.

По овластување на регистраторот:
Виолета Богојеска

Потпис и печат

Датум и време на прием

_____

Деловоден број: 30120090172490 Страна 2 од 2

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Трговски регистар и регистар на други правни лица

www.crm.com.mk

Број: 0805-50/150320220007611

Датум и време: 23.12.2022 г. 09:55:22

ТЕКОВНА СОСТОЈБА

ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	6500528
Целосен назив:	Република Македонија УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ Охрид
Кратко име:	УИНТ СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ Охрид
Седиште:	ПАРТИЗАНСКА ББ-Дом на АРМ/Охрид ОХРИД, ОХРИД
Вид на субјект на упис:	ДРУГО
Датум на основање:	14.7.2009 г.
Деловен статус:	Активен
*Вид на сопственост:	Државна
ЕДБ:	4020009508037
Големина на субјектот:	мал
Организационен облик:	02.1 - образовна установа
Надлежен регистар:	Регистар на други правни лица

СОПСТВЕНИЦИ	
ЕМБГ/ЕМБС:	4064682
Име и презиме/Назив:	СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Адреса:	11-ТИ ОКТОМВРИ ББ СКОПЈЕ, ЦЕНТАР
Тип на сопственик:	Основач/сопственик

ДЕЈНОСТИ	
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	85.42 - Високо образование

ОВЛАСТУВАЊА
Овластени лица

ЕМБГ:		2007974450102
Име и презиме:		ИВАН БИМБИЛОВСКИ
Адреса:		МИРЧЕ ОРОВЧАНЕЦ бр.16-1/7 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР
Овластувања:		Ректор
Овластено лице:		Овластено лице

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ		
КОНТАКТ		
E-mail:		contact@uist.edu.mk

Напомена:
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Изготвил:

Овластено лице:

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-ОХРИД БРОЈ 3 СКОПЈЕ

Број: 0805-50/150320220007611 Страна 2 од 2

9.3 Решение за акредитација за студиската програма

УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ
И ТЕХНОЛОГИИ
"СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ" ОХРИД
Примено 26.12.2018
Орг.единица 03 Број 990/1

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 1409-2015
25.12. 2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016, 127/16), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 20 седница одржана на 20.12.2018 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за акредитација на студиската програма Комуникациски мрежи и безбедност прв циклус студии Факултет за комуникациски мрежи и безбедност при Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" во Охрид

1. Се акредитира студиската програма **Комуникациски мрежи и безбедност прв циклус студии Факултет за комуникациски мрежи и безбедност при Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" во Охрид** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од 4 години (осум семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС и со звање:
- Дипломиран инженер по информатички науки и технологии од подрачјето комуникациски мрежи и безбедност
Научно - истражувачко подрачје: Техничко технолошки науки.
Научно – истражувачко поле: 212.
Научно – истражувачко област: 21202.

4. Акредитацијата на студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од **пет** (I и II циклус) учебни години, почнувајќи од учебната 2018/2019.....

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

1

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на донесената одлука на Наставно-научниот совет Факултет за комуникациски мрежи и безбедност Охрид при Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид прв циклус студиските програми „Комуникациски мрежи и безбедност“ на 07.07.2017 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на 1 седница, одржана на 05.10.2017 формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на позитивната оценка содржана и извештајот на стручната комисија, на својата 20 седница одржана на 20.12.2018 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Академик Владо Камбовски

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), и врз основа на член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ број 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/2013, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16 и 127/16), Министерот за образование и наука го донесе следното

РЕШЕНИЕ

за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Комуникациски мрежи и безбедност на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност при Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Комуникациски мрежи и безбедност на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност при Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

Образложение

Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид се обрати со барање бр. 03-996/1 од 27.12.2018 година, под наш УП1 број 14-4 од 03.01.2019 година, до Министерството за образование и наука, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Комуникациски мрежи и безбедност на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност при Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид, по добиеното Решение за акредитација со бр. 1409-201/5 од 25.12.2018 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-4 од 1.02.2019 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Комуникациски мрежи и безбедност на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност при Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид.

Комисијата на ден 05.03.2019 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-8 од 15.03.2019 година, каде е наведено дека за студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Комуникациски мрежи и безбедност на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност при Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР
Dr. Arbër Ademi

Доставено до:
- Именуваните
- Архива

Изработил: м-р Јорданчо Поповски
Контролирал: Борчо Алексов
Одобрил: Dr. Agim Rushiti

Комуникациски мрежи и безбедност	Факултет за комуникациски мрежи и безбедност